Република Северна Македонија
Министерство за култура
и туризам

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
dhe e Turizmit

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Shenja arkivore: ______
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ______
Потпис / Nënshkrimi
______20____година
viti ______

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ, СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА 2025 ГОДИНА

Дел. бр. 57-1096/1

Датум: 03 02.2026 година

Место: Скопје, 2026 година

(м.п.)

Министер,

Зоран Љутков

[потпис]

Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ – MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за култура и туризам | Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

Сектор за управен и инспекциски надзор | Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Оттука, реализацијата на месечните планови за работа во првото полугодие од 2026 г. повторно најмногу ќе зависи од подобрување на состојбата со човечките ресурси, односно покрај зголемување на бројот на инспектори, и тоа за минимум двајца извршители (еден дипл. правник и еден дипл. економист), има потреба за стручни усовршувања на инспекторите, прераспоредување на дополнителните работни обврски на други организациони единици во МКТ и соодветно вреднување на работата на инспекторите, како и подобрување на техничките ресурси на Секторот за управен и инспекциски надзор, односно итна набавка на ново службено возило (постојното возило е со датум на производство од март 2004 г. и не ги задоволува потребите на Секторот, ниту од безбедносен аспект ниту за соодветно и навремено вршење инспекциски надзори на целата територија на РСМ). Предвид треба да се имаат последните измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа (објавени во „Службен весник на РСМ" бр. 121/24), со коишто се проширени надлежностите на Министерството за култура и во областа на туризмот и по што Министерството за култура продолжи да работи како Министерство за култура и туризам.

М И Н И С Т Е Р,

Зоран Љутков

Подготви: Сабина Симан, раководител на Сектор

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ, СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА 2025 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. бр. | 57 - / | | Министер, |
| Датум: | 01.2026 година | | Зоран Љутков |
| Место: | Скопје, 2026 година | (м.п.) | |
| | | | [потпис] |

**Резиме**

**Управување со ризици**

Во текот на 2025 г., инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам успешно постапија по сите поднесени иницијативи од правни и од физички лица, како и по издадени писмени наредби, а извршени се и сите планирани редовни инспекциски надзори. Имено, во текот на 2025 г. се извршени вкупно 100 инспекциски надзори (54 во првото полугодие, а 46 во второто полугодие од 2025 г.), од кои 22 редовни, 44 вонредни и 34 контролни инспекциски надзори, и тоа кај национални и општинско-градски установи од областа на културата и другите правни и физички лица - корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ, од аспект на наменското користење на средствата од Буџетот на РСМ и за други работи од културата (работни односи, именувања и избор на одговорно лице во установите, ...), како и кај другите субјекти на надзорот (единици на локалната самоуправа, здруженија на граѓани, издавачки куќи,...). При тоа, планираните редовни инспекциски надзори се извршени кај субјектите утврдени во согласност со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата од 29.04.2021 г., и тоа од аспект на примена на Законот за културата (вкупно: 7), Законот за музеите (вкупно: 5), и Законот за издавачката дејност (вкупно: 10). Додека, дел од планираните вонредни инспекциски надзори не се извршени од оправдани причини, односно поради приоритетно вршење на контролните надзори и поради намален број на поднесените иницијативи/претставки/наредби, во последниот квартал од 2025 г., со што има мали отстапувања во поглед на планираните надзори и неправилности. Вонредните и контролните инспекциски надзори се извршени од аспект на примена на Законот за културата, Законот за музеите, Законот за издавачката дејност, Законот за библиотеките и Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата.

**Организација и раководење**

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура и туризам се вршени од страна на 5 (пет) инспектори за култура, со овластувања за целата територија на Република Северна Македонија.

**Инспекциски надзор**

Според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор, при Министерството за култура и туризам, во текот на 2025 г. беа извршени вкупно 100 инспекциски надзори од кои: 22 редовни, 44 вонредни и 34 контролен инспекциски надзори, од аспект на примена на вкупно 5 (пет) закони од областа на културата, и тоа: 69 по Законот за културата (од кои 7 редовни, 36 вонредни и 26 контролни надзори), 10 по Законот за музеите (од кои 5 редовни, 2 вонредни и 3

контролни надзори), 16 по Законот за издавачката дејност (од кои 10 редовни, 4 вонредни и 2 контролни надзори), 2 по Законот за библиотеките (од кои еден вонреден и еден контролен надзор), и 3 по Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата (од кои еден вонреден и 2 контролни). За утврдените недостатоци/неправилности, се издадени вкупно 24 решенија со опомена/наредба и 19 прекршочни платни налози, а се поднесени 3 барања за поведување прекршочни постапки по Законот за културата, како и две кривични пријави.

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Во текот на 2025 г., петтемина инспектори за култура поминаа три генерички онлајн обуки, со користење на платформата за електронско учење од Годишната програма на Инспекцискиот совет на РСМ за генерички обуки за 2025 година, и тоа на следниве теми: Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка (6 часа), Постапување по претставки и предлози (6 часа) и Канцелариско работење и архивско работење (6 часа), додека понудените онлајн обуки/во живо или не беа од интерес за работата на инспекторите или инспекторите не беа целна група.

**Буџет и финансирање**

Секторот за управен и инспекциски надзор нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на Министерството за култура и туризам (плати, гориво и патарини). Во извештајниот период, според податоците на Секторот за финансии при Министерството за култура и туризам, за платите на инспекторите за култура се исплатени вкупно 5.555.459 денари.

**Меѓународна соработка**

Не е остварена соработка на билатерална или на мултилатерална основа, а во смисла на зголемување на транспарентноста во работењето, инспекциските акти јавно се објавуваат.

**Други активности на инспекциската служба**

И во извештајниот период, главниот инспектор за култура, во согласност со решенијата од 2020 година, ги извршуваше работните задоленија како одговорно службено лице во Министерството за водење предмети и вршење работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ, за подрачје на целата територија на РСМ, додека еден од вишите инспектори е овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во согласност со Законот за заштита на укажувачи. Во извештајниот период, инспекторите учествуваа во работните тела/комисии, формирани од страна на министерот за култура и туризам (постапки за избор на директор, попис...). Во насока на зголемување на

транспарентноста во работењето, со одредено задоцнување продолжено е со јавното објавување на инспекциските акти.

**Заклучоци и препораки**

Имајќи ја предвид кризната состојба на светско ниво (безбедносна и економска), но и техничките и човечките ресурси на Секторот (вкупно 5 инспектори за целата територија на РСМ), без нови вработувања подолг временски период, општата оцена за остварувањето на утврдените цели и планови на Секторот е исклучително добра, при што треба да се има предвид сложеноста на дел од извршените (вонредни) инспекциски надзори во текот на 2025 година, кај национални установи од областа на културата, на целата територија на РСМ (по издадените наредби, поднесените иницијативи/барања за надзор над наменското користење на средствата од Буџетот на РСМ и за другите прашања од областа на културата). Реализацијата на месечните планови за работа во 2026 година повторно ќе зависи од состојбата со постојните ресурси на Секторот, но и од проширените надлежности на Министерството во областа на туризмот, во согласност со измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа (објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 121/24), по што Министерството за култура продолжи да работи како Министерство за култура и туризам. Треба да се има и предвид дека од 1. јануари, 2026 година, започна со примена новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 272/24 и 269/25), со обврската за усогласување на законите со кои е уредена организацијата и надлежноста на инспекторите со одредбите од новиот Закон во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на новиот закон.

**Управување со ризици**

Во 2025 година државата и граѓаните на РСМ беа соочени со предизвиците и последиците од економски и од социјален аспект, настанати од светската криза (безбедносна и енергетска), што доведе до одредени намалување и на буџетските средства на Министерството за култура и туризам за одделни расходи (обуки, нови вработувања, набавка на ново возило), додека во јануари 2023 година, за потребите на вработените во Министерството, вклучително и на инспекторите за култура, е набавена нова ИТ-опрема (5 персонални компјутери и еден мултифункционален принтер).

Во 2021 година, од страна на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, во согласност со член 32 став (1) од тогаш важечкиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ” бр. 102/19, 272/24 и 22/25). а врз основа на Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори врз основа на проценката на ризик („Службен весник на РСМ“ бр. 247/19) донесен од Инспекцискиот совет, а по спроведената едномесечна стручна обука во рамките на Проектот на ЕБРД (Европска банка за обнова и развој), донесена е Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата со бр. 57-5108/2 од 29.04.2021 г., за која на 28.05.2021 г. Инспекцискиот совет даде позитивно мислење. Со Методологијата е пропишан начинот на процена на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на инспекторите за култура, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите од областа на културата, како и над другите субјекти, за работи од културата. Оттука, резултатите од Методологијата се земени предвид при подготвувањето на Годишниот план за работа на Министерството за култура – Сектор за управен и инспекциски надзор за 2025 година, со дел. бр. 57-8922/3 од 14.10.2024 г., за којшто согласно со член 33 став (3) од Законот за инспекциски надзор, од Инспекцискиот совет е добиена потребната Согласност бр. 14-918/3 од 04.12.2024 г., односно за планираните редовни инспекциски надзори и тоа од аспект на примена на Законот за културата, Законот за музеите и Законот за издавачката дејност, со подзаконските прописи.

Имено, согласно со Годишниот план за работа на Министерството за култура и туризам - Сектор за управен и инспекциски надзор за 2025 г., со дел. бр. 57-8922/3 од 14.10.2024 г., предвидени беа вкупно 80 инспекциски надзори (од кои 22 редовни, 38 вонредни и 20 контролни) и тоа 60 надзори од аспект на примена на Законот за културата - 25 надзори кај национални установи од областа на културата (од кои 7 редовни - со коефициент на сложеност 5, 13 вонредни и 5 контролни - со коефициент на сложеност 4) и 35 надзори кај други правни и физички лица - корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и туризам (од кои 25 вонредни надзори - со коефициент на сложеност 3 и 10 контролни надзори - со коефициент на сложеност 2), како и 20 надзори од аспект на примена на другите посебни законски и подзаконски прописи од областа на културата, од кои 15 редовни инспекциски надзори (5

надзори по Законот за музеите - со коефициенти на сложеност 4 и 10 надзори по Законот за издавачката дејност - со коефициент на сложеност 3) и 5 контролни инспекциски надзори, со коефициентите на сложеност 2 или 3, а со вкупно 20 неправилности.

Во текот на 2025 година, се извршени сите 7 (седум) планирани редовни инспекциски надзори по Законот за културата (со среден и со висок степен на ризик и со коефициент на сложеност 5 - субјекти на надзорот национални установи од областа на културата), вкупно 36 вонредни инспекциски надзори (од планираните 38), со коефициент на сложеност 3 и 4, како и вкупно 26 контролни инспекциски надзори (од планираните 15), со коефициент на сложеност 2 и 4, и тоа кај други правни и физички лица - корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и туризам (19 вонредни и 8 контролни) и кај национални установи од областа на културата (17 вонредни и 18 контролни).

Во однос на планираните вкупно 20 надзори од аспект на примена на другите посебни законски и подзаконски прописи од областа на културата, од кои 15 редовни инспекциски надзори (5 надзори по Законот за музеите - со коефициенти на сложеност 4 и 10 надзори по Законот за издавачката дејност - со коефициент на сложеност 3) и 5 контролни инспекциски надзори, со коефициентите на сложеност 2 или 3, а со вкупно 20 неправилности, во текот на 2025 година се извршени сите 15 планирани редовни инспекциски надзори и тоа 10 по Законот за издавачката дејност и 5 (пет) по Законот за музеите. Воедно, во текот на 2025 година се извршени и планираните 5 (пет) контролни надзори, и тоа 2 (два) по Законот за издавачката дејност и 3 (три) по Законот за музеите, како и вкупно 6 (шест) вонредни надзори, од кои 4 (четири) по Законот за издавачката дејност и 2 (два) вонредни надзори по Законот за музеите (по поднесените иницијативи и барања до СУИН на МКТ).

Оттука, врз основа на горенаведеното се констатира дека во 2025 година, од страна на инспекторите за култура беа извршени сите планирани редовни инспекциски надзори во согласност со донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во областа на културата од 29.4.2021 година (вкупно: 22 надзори), додека од планираните 38, беа извршени вкупно 44 вонредни инспекциски надзори, а од планираните 20, беа извршени вкупно 34 контролни инспекциски надзори, и тоа од аспект на примена на 5 (пет) закони од областа на културата, со што нема отстапувања од реализацијата на Годишниот план за работа на инспекцијата за 2025 година. Додека, согласно со месечните планови во 2025 г., беа планирани вкупно 109 надзори, од кои 22 редовни-7 по Законот за културата, 10 по Законот за издавачката дејност и 5 по Законот за музеите; 56 вонредни-еден надзор по Законот за музеите, Законот за библиотеките и ЗМССО, 2 по Законот за издавачката дејност, и 51 по Законот за културата, како и 31 контролен надзор-4 по Законот за музеите, 2 по Законот за издавачката дејност; еден по ЗМССМ и Законот за библиотеките и 23 по Законот за културата, со вкупно 40 неправилности.

Исто така може да се заклучи дека во извештајниот период, инспекторите за култура постапија по однос на сите поднесени иницијативи, барања, претставки и издадени наредби за вршење на

вонредни инспекциски надзори, и тоа од аспект на примена на 5 (пет) закони од областа на културата.

Како и во претходниот период, останува проблемот поради неусогласеноста на Законот за културата, како системски законски пропис од областа на културата, во делот на неговите прекршочни одредби, што според законската обврска требало да се изврши во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на сегашниот Закон за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 од 17.5.2019 г.), како и неусогласеноста на Законот за културата, со ново донесениот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 272/24 и 269/25), којшто започна со примена од 1 јануари, 2026 година, а претходно и со стариот Закон за инспекциски надзор, што претставува ризик во однос на соодветен инспекциски надзор и санкционирање според материјалниот закон. Воедно, во меѓувреме, по однос на други прашања се извршени соодветни изменувања и дополнувања на Законот за културата (објавени во „Сл. весник на РСМ” бр.265/24 и 132/25).

Имено, согласно со член 92 од новиот Закон за инспекциски надзор е предвидено дека законите со кои е уредена организацијата и надлежноста на инспекторите, ќе се усогласат со одредбите од новиот Закон во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на новиот закон. Додека, согласно со член 25 став (1) и (3) од истиот Закон, подготвена е нова одлука за коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор во областа на културата со законски утврдените коефициенти.

**Организација и раководење**

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура и туризам, ги вршат инспектори за култура при организационата единица – Сектор за управен и инспекциски надзор. Работата во Секторот е организирана во 2 одделенија (Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и контрола над наменското користење на буџетски средства), со вкупно 12 систематизирани работни места и вкупно 12 извршители, од кои моментално 5 (пет) работни места се пополнети и тоа: раководител на Сектор – главен инспектор (дипл. правник), помошник - раководител на Сектор – помошник - главен инспектор (дипл. правник, сметано од 07.08.2025 г., согласно со Јавниот оглас за вработување бр. 491/2025 и по којшто е донесено Решение бр. 04-7553/1 од 04.08.2025 г.), 2 виши инспектори – раководители на одделенија (од кои еден дипл. правник и еден дипл. економист) и 1 советник – инспектор (дипл. економист), додека еден извршител - самостоен референт за техничка обработка на документација, почнувајќи од 01.06.2023 г., не е веќе во работен однос во Министерството и ова работно место, се уште не е пополнето, со што во Секторот, освен инспектори нема друг кадар, а заклучно со 28.06.2024 г. е прекинат ангажман на лице, претходно ангажирано со договор за дело, за техничка обработка на документација за потребите на инспекциската служба.

Во согласност со член 34 од сега укинатиот Закон за инспекциски надзор, беше предвидено директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од Законот, врз основа на годишниот план за работа на инспекциската служба, најдоцна до почетокот на месецот да

донесе месечен план за работа на секој инспектор и во рок од 10 дена од денот на донесувањето да го достави до Инспекцискиот совет за информирање, во електронска форма.

Додека во согласност со извршените изменувања и дополнувања на член 35 од Законот за инспекциски надзор, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 272 од 27.12.2024 г., истиот гласеше: „Директорот кој раководи со државниот инспекторат во состав на министерството е должен до ресорниот министер да достави на одобрување полугодишен извештај, најдоцна до 31 јули и годишен извештај за работа на органот најдоцна до 31. јануари за претходната година“ (став 1). „Извештајот од став (1) на овој член, за работата на инспекциските служби од член 26 став (1) точки 1 и 2 од овој закон (забелешка: организациски единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа - сектор или одделение за инспекциски надзор – став (1) т. 2), најдоцна до 31. јули, односно 31 јануари, се доставува до министерството во чиј состав е државниот инспекторат, во електронска и хартиена форма (став 2). Министерството во чиј состав е државниот инспекторат дава мислење на извештајот од ставот (2) на овој член, најдоцна до 31 август, односно 28 февруари. Мислењето содржи наоди, насоки и препораки за подобрување на работењето на инспекциската служба (став 3).

Меѓудругото, согласно со ставот (5) на истиот член 35 од Законот, најдоцна до 31. март во тековната година, врз основа на „шестмесечните извештаи“ од ставот (2) на овој член, министерството во чиј состав е државниот инспекторат „доставува за информирање до Владата, годишен извештај за работата на инспекциските служби, во состав на министерството, кој се објавува на веб страната на Советот“, а којшто (Инспекциски совет), во меѓувреме е укинат во согласност со новиот Закон за инспекциски надзор.

Раководниот инспектор во извештајниот период, покрај вршење инспекциски надзори, има вршено и други работни задача, и тоа: организирање, координирање и насочување на работата со Секторот; распоредување на задачите на извршителите и давање упатства за нивно спроведување; предлагање и подготвување месечен план за работа и грижа за негово реализирање; надзор над реализацијата на програмата; стручно обработување на прашањата од надзорен карактер во областа на културата; водење преписка со Инспекцискиот совет; по потреба и по налог, вршење преписка со Основното јавно обвинителство, Министерството за финансии, Државната комисија за спречување на корупцијата, судски органи и други органи на државната управа (за барање податоци, мислења и појаснувања упатени до СУИН на МК), давање мислења за законски и подзаконски прописи од областа на културата, произнесување во однос на новинарски прашања и друго.

И во текот на 2025 година, раководниот инспектор, во согласност со решенијата од 2020 година, со кои е определен за одговорно службено лице во Министерството за култура за водење предмети и вршење работи за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ (забелешка: во коишто во последниот квартал од 2025 г., беа веќе вклучени и судските спорови, поведени против тужениот - Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Скопје, чијшто правен следбеник е Министерството за култура и туризам согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на

органите на државната управа, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 121/24 и Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, објавен во „Сл. весник на РСМ“ бр. 156/25), продолжи да ги извршува и овие работни задолженија (предмети за судски и извршни постапки, по различни основи), додека еден од вишите инспектори од 2022 година е овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во Министерство за култура во согласност со Законот за заштита на укажувачи.

**Табела 1. Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор *во* 2025 година, по вид, возраст и звање**

| Вид | **Инспектор за култура** [вид 1] | | | | | | Инспектор за [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво – Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Б3 – **помошник главен инспектор* (почнувајќи од м. август, 2025 г.)** | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | 1 | 1 | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| В1 – советник инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **В3 – помошник инспектор* (заклучно со м. јули, 2025 г.)** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 5 |

**Табела 2. Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2025 година**

| Вид | Инспектор за култура [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| Ниво – Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

.

**Инспекциски надзор**

Од страна на инспекторите за култура, при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам (забелешка: вкупно 5 инспектори, со овластувања за целата територија на Република Северна Македонија), во текот на 2025 година беа извршени вкупно 100 инспекциски надзори (54 во првото полугодие и 46 во второто полугодие од 2025 г.), од кои 22 редовни, 44 вонредни и 34 контролни инспекциски надзори, од аспект на примена на вкупно 5 (пет) закони од областа на културата и тоа:

- 69 инспекциски надзори (од кои седум редовни, 36 вонредни и 26 контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со одредбите од Законот за културата, од аспект на работењето и наменското користење на средствата обезбедени преку Министерството за култура и туризам од Буџетот на РСМ, за програми/проекти од национален интерес во културата, кај национални и општинско-градски установи од областа на културата, единици на локалната самоуправа, здруженија на граѓани и кај други правни лица, регистрирани за вршење соодветна дејност од областа на културата, како и кај физички лица, корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МКТ, а чие работење подлежи на надзор во согласност со истиот Закон;

-16 инспекциски надзори, од кои 10 (десет) редовни, 4 (четири) вонредни и 2 (два) контролни инспекциски надзори, извршени во согласност со Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи,

-10 (десет) инспекциски надзори, од кои 5 (пет) редовни, 2 (два) вонредни и 3 (три) контролни инспекциски надзори, извршени кај национални установи од областа на културата и други правни лица во согласност со Законот за музеите и подзаконските прописи;

-3 (три) инспекциски надзори, од кои еден вонреден и 2 (два) контролни инспекциски надзор, извршени во согласност со Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата; и

-2 (два) инспекциски надзори, од кои еден вонреден и еден контролен, извршени во согласност со Законот за библиотеките и подзаконските прописи.

Во извештајниот период се извршени вкупно 49 инспекциски надзори (забелешка: редовни согласно со Годишниот план за работа за 2025 г., вонредни по службена должност - иницијативи/писмени наредби од министерот и контролни, од аспект на постапување по издадените решенија со наредба/опомена, за отстранување на утврдените недостатоци и неправилности согласно со Законот за културата и Законот за инспекциски надзор), кај следните национални установи од областа на културата – единки корисници на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Министерството за култура и туризам:

-НУ-Спомен куќа на Тодор Проески-Крушево,

-НУ-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп,

-НУ - Историски музеј-Крушево,
- НУ-Музеј на современата уметност- Скопје,
- НУ - Центар за култура „Ацо Шопов“- Штип,
- НУ- Драмски театар-Скопје,
- НУ-Центар за култура- Тетово,
- НУ-НУБ „Свети Климент Охридски“- Скопје,
- НУ- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица,
- НУ – Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар,
- НУ-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола,
- НУ -Центар за култура „Бели мугри“ –Кочани,
- НУ-Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Битола,
- НУ-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Штип,
- НУ -Центар за култура„Ацо Ѓорчев“-Неготино,
- НУ - Музеј на албанската азбука – Битола,
- НУ - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“- Штип,
- НУ -Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје,
- НУ-Ансамбл на албански народни ора и песни во РСМ-Скопје.
- НУ- Вардар филм - Скопје,
- НУ „Археолошки музеј- Скопје,
- Ну – Центар за култура „Бели Мугри -Кочани,
- НУ- Музеј на современа уметност-Скопје,
- НУ-Камерен оркестар- Битола,
- НУ- Театар Комедија- Скопје,
- НУ – Музеј – Куманово,
- НУ – Центар за култура „Иљо Антески Смок“- Тетово,
- НУ – Албански театар- Скопје,
- НУ – Центар за култура „Браќа Миладиновци“- Струга,
- НУ - Музеј Гевгелија,
- НУ - Гостиварски театар- Гостивар,
- НУ – Музеј на РСМ – Скопје,
- НУ – Музеј - Куманово,
- НУ - Музеј д-р Никола Незлобински - Струга, и
- НУ – Музеј на албанската азбука- Битола.

Од аспект на примена на прописите од областа на културата, во извештајниот период од страна на инспекторите за култура се издадени вкупно 24 решенија со опомена/наредба, за отстранување на утврдените недостатоци/неправилности во определен рок врз основа на Законот за културата и Законот за инспекциски надзор, од кои 15 по Законот за културата, 4 (четири) по Законот за музеите (забелешка: од кои едното Решение, ќе биде издадено во текот на м. јануари, 2026 г.), 3 (три) по Законот за издавачката дејност, еден по Законот за библиотеките, еден по Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата, како и вкупно 19 прекршочни платни налози (за правните лица – национални установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и физички лица, како и за одговорните лица во правните лица/директори, управители...), а се поднесени 3 (три) барања за поведување на прекршочни постапки, за сторени прекршоци по Законот за културата, до надлежните основни кривични судови и две кривични пријави до Основното јавно обвинителство, Скопје и Битола. Согласно со извршените вонредни инспекциски надзори во текот на 2025 г., во Буџетот на РСМ, од страна на инспекторираните субјекти, се вратени средствата во вкупен износ од 94.000 денари,

а согласно со издадените прекршочни платни налози на инспекторите за култура, во Буџетот на РСМ, се прибрани средствата по основ на платена глоба во вкупен износ од 254.287 денари.

Во извештајниот период, вршени се инспекциски надзори кај субјектите од целата територија на РСМ, и тоа во Скопје (Центар, Аеродром, Чаир, Карпош, Бутел, Сарај и Шуто Оризари), како и во Битола, Гевгелија, Гостивар, Тетово, Прилеп, Неготино, Дебар, Штип, Крушево, Куманово, Кочани, Кавадарци, Врапчиште, Охрид, Струга, Струмица, Кичево, с. Ваксинци, с. Долнени и Виница, при што најголем број инспекциски надзори се извршени во Скопје, Битола и Тетово.

Приказ на реализацијата на годишниот и на месечните планови за инспекциски надзор на инспекторите за култура, при Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ во текот на 2025 година, односно статистичките информации и податоци се прикажани во форма на табеларен преглед.

**Табела 3.**
**Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во 2025 година по региони и општини**

| Ред. бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски Регион | 0 | 2 | 1 | 3 | 0 |
| 1 | Велес | | | | 0 | |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | |
| 4 | Кавадарци | | 1 | | 1 | |
| 5 | Лозово | | | | 0 | |
| 6 | Неготино | | 1 | 1 | 2 | |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен Регион | 0 | 3 | 4 | 7 | 1 |
| 10 | Берово | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Виница | | 1 | | 1 | |
| 12 | Делчево | | | | 0 | |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | | 1 | 2 | 3 | 1 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | |
| 20 | Штип | | 1 | 2 | 3 | |
| | Југозападен Регион | 1 | 3 | 1 | 5 | 2 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | | | | 0 | |
| 23 | Дебрца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | | | | 0 | |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | |
| 26 | Охрид | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | 1 | 2 | | 3 | 1 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | |
| | Југоисточен Регион | 1 | 2 | 3 | 6 | 1 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | | | | 0 | |
| 33 | Василево | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | Гевгелија | 1 | 1 | 2 | 4 | 1 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | |
| 39 | Струмица | | 1 | 1 | 2 | |
| | Пелагониски Регион | 1 | 8 | 10 | 19 | 7 |
| 40 | Битола | 1 | 6 | 7 | 14 | 6 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | 1 | | 1 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | | | 2 | 2 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 48 | Ресен | | | | 0 | |
| | Полошки Регион | 3 | 7 | 5 | 15 | 5 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 52 | Гостивар | | 2 | 1 | 3 | 1 |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 57 | Тетово | 3 | 4 | 3 | 10 | 3 |
| | Североисточен Регион | 1 | 2 | 1 | 4 | 2 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | |
| 60 | Куманово | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 61 | Липково | | 1 | | 1 | 1 |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски Регион | 15 | 17 | 9 | 42 | 16 |
| 64 | Аеродром | 2 | | 1 | 3 | 1 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | 1 | | | 1 | |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | |
| 68 | Ѓорче Петров | | 1 | | 1 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | |
| 70 | Илинден | | | | 0 | |
| 71 | Карпош | 1 | 2 | 2 | 5 | 5 |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |
| 74 | Сарај | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 10 | 11 | 5 | 27 | 7 |
| 78 | Чаир | 1 | 1 | | 2 | 2 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 80 | Шуто Оризари | | 1 | | 1 | |
| **ВКУПНО** | | **22** | **44** | **34** | **100** | **34** |

**Обука на инспекторите и на административните службеници**

Во извештајниот период, инспекторите за култура поминаа онлајн обуки со користење на платформата за електронско учење од Годишната програма на Инспекцискиот совет за генерички обуки за 2025 година, а за што беа донесени Годишната програма за специјализирана обука на инспекторите за култура за 2025 г. со дел. бр. 57-8163/1 од 10.9.2024 г. и Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за култура за 2025 г. со дел. бр. 57-8163/2 од 12.9.2024 г., и тоа на следниве теми: Канцелариско работење, архивско работење - Уредба за канцелариско и архивско работење (тема 1.5), Постапување по претставки и предлози (тема 1.4), и Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка (тема 1.16), и се стекнаа со соодветни сертификати. Во извештајниот период, инспекторите за култура немаат поминато други обуки, главно од причина што понудените онлајн обуки не беа од интерес за работата на инспекторите за култура (како на пр. за јавни набавки, заштита на лични податоци, менаџирање и сл.) или инспекторите не беа целна група.

**Буџет и финансирање**

Имајќи предвид дека Секторот за управен и инспекциски надзор е организациска единица во рамките на Министерството за култура и туризам, нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на Министерството за култура и туризам (плати, трошоци за гориво, патарини, сервисирање на возило, набавка на гуми, канцелариски материјал и друго). Секторот за управен и инспекциски надзор не врши дополнителни активности, односно не остварува дополнителни парични средства, со исклучок на прибраните средства во Буџетот на РСМ. Врз основа на издадените прекршочни платни налози на инспекторите за култура и платената глоба, во Буџетот на РСМ се прибрани средствата во вкупен износ од 254.287 денари.

Според податоците од надлежниот Сектор за финансиски прашања при МКТ и евиденцијата на инспекцијата, вкупните расходи за Секторот за управен и инспекциски надзор за второто полугодие од 2025 година се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Ред. бр.** | **Вид на трошок** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1. | Бруто-плати за вработените во Секторот (за 5 инспектори за 2025 г.) | **5.555.459 денари** |
| 2. | Патарини | **10.170 денари** |
| 3. | Гориво | **41.309 денари** |

| | |
|---|---|
| Вкупно | **5.606.938 денари** |

**Меѓународна соработка**

Во извештајниот период не е остварена соработка на билатерална или мултилатерална основа. Усогласување, односно хармонизација на материјалните закони од областа на културата со законодавството на ЕУ и придонес кон евроинтеграциските процеси се врши преку другите надлежни организациски единици на Министерството за култура и туризам.

**Други активности на инспекциската служба**

Во насока на зголемување на транспарентноста во работењето и во согласност со обврската од Законот за инспекциски надзор, и во текот на 2025 година на официјалната веб-страница на МКТ се објавуваа инспекциските акти (записници и решенија) во „обезличена форма", во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Инспекциските акти се скенираат, а потоа се бришат личните податоци, чие откривање би значело повреда на заштита на личните податоци, при што има одредено задоцнување, односно застој во нивното објавување од причина што на лицето што беше ангажирано со договор за дело за техничка обработка на документација за потребите на инспекциската служба, вклучително и за извршување на ова работно задолжение, му е прекинат ангажманот во Министерството на 28.06.2024 година.

Во извештајниот период, за потребите на Одделението за логистичка поддршка при Министерството за култура и туризам, давани се одговори на новинарски прашања во однос на извршените инспекциски надзори, преземените мерки и други прашања за работите од културата. Донесените решенија бр. 44-7916/1 од 29.07.2020 г. од заменик-министерот за култура и бр. 44-10269/1 од 07.10.2020 г. од тогашната министерка за култура, со коишто раководителката на Секторот за управен и инспекциски надзор – главен инспектор за култура е определена и за одговорно службено лице во МК за водење предмети и вршење работи како одговорно службено лице за комуникација по предмети што произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ (спорови по различни основи – должничко-доверителски, работни односи и други, во коишто МКТ е тужител или тужена страна) и во извештајниот период имаше негативно влијание врз вкупниот број на планираните и реализираните инспекциски надзори, особено надзорите со повисоки коефициенти на сложеност (Q 4 и Q 5), кај национални установи од областа на културата по Законот за културата и Законот за музеите. Вишиот инспектор – раководител на Одделението за управен надзор и надзор над наменско користење на средствата од буџетот е овластено лице за заштитено внатрешно пријавување во Министерството за култура и туризам во согласност со Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РСМ" бр. 196/15). Истовремено, врз основа на член 15 став (1) од Законот за заштита на укажувачи, овластеното лице, на секои шест месеци, до Државната комисија за спречување на корупцијата доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи во Министерството за култура и туризам.

Во извештајниот период, инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор, освен што учествуваа во судски постапки, во својство на претставници од

Министерството за култура и туризам и подносители на прекршочните барања (Скопје, Струга, Гостивар, Битола и другите градови), имаат остварено соработка и преписка со други органи на државната управа, како, на пример, со инспекциската служба на Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност, Државната комисија за спречување на корупцијата, Основното јавно обвинителство, Државниот инспекторат за труд, Државниот управен инспекторат и други органи, со цел подготовка на мислења, достава на списи и податоци во судски, инспекциски и други постапки, водена е редовна инспекциска (статистичка) евиденција и друго.

Во извештајниот период, покрај извршување на надлежностите утврдени со законите од областа на културата, Законот за инспекциски надзор и актите за систематизација на работните места во МКТ, како и извршување на другите работни задачи, Секторот за управен и инспекциски надзор нема реализирано активности во насока на употреба или надградба на ИТ-системите.

**Заклучоци и препораки**

Имајќи ја предвид кризната состојба на светското ниво (безбедносна и економска), но и човечките ресурси во Секторот (вкупно 5 инспектори за целата територија на РСМ), општата оцена за остварувањето на утврдените цели и планови на Секторот е добра (забелешка: во 2025 г. се извршени вкупно 100 надзори од аспект на примена на 5 (пет) закони од областа на културата, и тоа по: Законот за културата, Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата, како и по Законот за музеите, Законот за издавачката дејност, Законот за библиотеките, сите со подзаконските прописи. Реализацијата на месечните планови за работа во првото полугодие од 2026 година повторно ќе зависи од горенаведеното и во согласност со тоа, ќе се почитуваат идните мерки и препораки што ќе бидат донесени во таа насока.

Воедно, треба да се има предвид и малиот број инспектори за култура (вкупно 5 за целата територија на РСМ), како и тековните (обемни) обврски на главниот инспектор со предметите од надлежност на Државното правобранителство на РСМ за целата територија на РСМ (во текот на 2025 г. се водени повеќе судски постапки, во коишто МКТ е тужен или тужител, по различни основи), при што се превземени и судските спорови, во коишто тужен орган е Агенцијата за промоција и поддршка на туриамот на РСМ – Скопје, чијшто, правен следбеник е Министерството за култура  и туризам согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност (објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 156/25). Оттука, останува и понатаму потреба од зголемување на постојниот број на инспектори за култура, како и соодветни измени на постојниот акт за систематизација на работните места на МКТ (во однос на укинување на одредени работни задачи и обврски на вработените, зголемување на бројот на инспектори, укинување на одделни работни места, како инспектор за управен надзор итн.).

Оттука, реализацијата на месечните планови за работа во првото полугодие од 2026 г. повторно најмногу ќе зависи од подобрување на состојбата со човечките ресурси, односно покрај зголемување на бројот на инспектори, и тоа за минимум двајца извршители (еден дипл. правник и еден дипл. економист), има потреба за стручни усовршувања на инспекторите, прераспоредување на дополнителните работни обврски на други организациони единици во МКТ и соодветно вреднување на работата на инспекторите, како и подобрување на техничките ресурси на Секторот за управен и инспекциски надзор, односно итна набавка на ново службено возило (постојното возило е со датум на производство од март 2004 г. и не ги задоволува

потребите на Секторот, ниту од безбедносен аспект ниту за соодветно и навремено вршење инспекциски надзори на целата територија на РСМ). Предвид треба да се имаат последните измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа (објавени во „Службен весник на РСМ“ бр. 121/24), со коишто се проширени надлежностите на Министерството за култура и во областа на туризмот и по што Министерството за култура продолжи да работи како Министерство за култура и туризам.

**М И Н И С Т Е Р,**

**Зоран Љутков**

Подготви: Сабина Синан, раководител на Сектор